# Правила и услови

**<u>Краток преглед на правилата и условите:</u>**

**Само за МК. За постари од 18 години.** Не е потребно купување или плаќање. За да учествувате, посетете ја Pringles.com, скенирајте ја лименката за да ја активирате AR играта и успешно завршете го предизвикот помеѓу 3.10.2023 г. и 31.1.2024 г. 204 награди од 1 x €120 (или еднакво на локалната валута) достапен код за ТВ Ракутен, 12 по потпериод. Наградите се заеднички за Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Албанија и Србија и им се доделуваат на учесниците што успешно и најбрзо ќе го завршат предизвикот секоја недела. **Продолжен промотивен период:** 2 x месечни натпревари помеѓу 1.2.2024 г. и 29.3.2024 г. каде добитниците ќе бидат избрани на истиот начин за шанса да освојат 1 x €120 (или еднакво на локалната валута) код за ТВ Ракутен месечно. Најмногу 1 награда/лице и 1 пријава/ден. Важат условите и исклучоците за кодовите за ТВ Ракутен, кодовите се користат за изнајмување филмови што се подобни само за понудата, дозволено е изнајмување на најмногу 24 филмови во рок од 12 месеци. Потребен е пристап до интернет и регистрирање на сметка. Зачувајте ја сметката (важи само за жителите на Босна и Херцеговина, Косово, Албанија и Србија). За целосна верзија на Правилата и условите, за информации за регистрирањето и за наградите, одете на www.pringles.com.

**<u>Целосни правила и услови:</u>**

1. Оваа промоција е отворена за жителите на Босна и Херцеговина, Македонија, Србија, Албанија, Косово, Украина и Црна Гора на возраст од 18 или повеќе години, со исклучок на вработените од страна на промоторот, агентите, дистрибутерите или компании партнери на промоторот или членовите на потесното семејство (дефинирани како родители, деца, браќа и сестри, брачен другар и животни партнери и кое било друго лице со кое живее), и секој кој професионално е поврзан со оваа промоција.

2. **Само за Босна и Херцеговина, Србија, Албанија, Косово и Украина:** Неопходно е купување. **Ве молиме чувајте ја сметката во која се наведени времето и датумот на купување пред учеството, но во соодветниот период на промоција, бидејќи тоа може да биде потребно за потврдување и за победникот да ја добие наградата**. Потребен е пристап до интернет, паметен телефон или таблет, сметка на Kellogg’s и важечка адреса на електронска пошта.

3. **Само за Македонија и Црна Гора:** Не е потребно купување, но е потребен пристап до интернет, паметен телефон или таблет, сметка на Kellogg’s и важечка адреса на електронска пошта.

4. **Главен промотивен период:** Учествувајте помеѓу 00:01 ч. на 3-ти октомври 2023 г. и 23:59 ч. на 31-ви јануари 2024 г. Во рамките на кои ќе има посебни промотивни потпериоди

(„Потпериоди на промоција“) како што е наведено подолу. Може да се учествува помеѓу 00:01 ч. и 23:59 ч. секој ден за време на главниот промотивен период.

| **Промотивен потпериод** | **Време и датум на започнување** | **Време и датум на завршување** |
|---|---|---|
| 1 | 00:01 ч. на 3.10.2023 г. | 23:59 ч. на 9.10.2023 г. |
| 2 | 00:01 ч. на 10.10.2023 г. | 23:59 ч. на 16.10.2023 г. |
| 3 | 00:01 ч. на 17.10.2023 г. | 23:59 ч. на 23.10.2023 г. |
| 4 | 00:01 ч. на 24.10.2023 г. | 23:59 ч. на 30.10.2023 г. |
| 5 | 00:01 ч. на 31.10.2023 г. | 23:59 ч. на 06.11.2023 г. |
| 6 | 00:01 ч. на 07.11.2023 г. | 23:59 ч. на 13.11.2023 г. |
| 7 | 00:01 ч. на 14.11.2023 г. | 23:59 ч. на 20.11.2023 г. |
| 8 | 00:01 ч. на 21.11.2023 г. | 23:59 ч. на 27.11.2023 г. |
| 9 | 00:01 ч. на 28.11.2023 г. | 23:59 ч. на 04.12.2023 г. |
| 10 | 00:01 ч. на 05.12/2023 г. | 23:59 ч. на 11.12.2023 г. |
| 11 | 00:01 ч. на 12.12.2023 г. | 23:59 ч. на 18.12.2023 г. |
| 12 | 00:01 ч. на 19.12.2023 г. | 23:59 ч. на 25.12.2023 г. |
| 13 | 00:01 ч. на 26.12.2023 г. | 23:59 ч. на 01.1.2024 г. |
| 14 | 00:01 ч. на 02.1.2024 г. | 23:59 ч. на 08.1.2024 г. |
| 15 | 00:01 ч. на 09.1.2024 г. | 23:59 ч. на 15.1.2024 г. |
| 16 | 00:01 ч. на 16.1.2024 г. | 23:59 ч. на 22.1.2024 г. |
| 17 | 00:01 ч. на 23.01.2024 г. | 23:59 ч. на 31.1.2024 г. |

5. **Продолжени промотивни периоди:** По главниот промотивен период, учествата помеѓу двата следни продолжени промотивни периоди ќе бидат евидентирани во соодветниот продолжен промотивен период:

   a) **Продолжен промотивен период 1:** Учествувајте помеѓу 00:01 ч. на 1-ви февруари 2024 г. и 23:59 ч. на 29-ти февруари 2024 г.

b) **Продолжен промотивен период 2:** Учествувајте помеѓу 00:01 ч. на 1-ви март 2024 г. и 23:59 ч. на 29-ти март 2024 г.

6. **Како да учествуваат во промоцијата само жителите на Босна и Херцеговина, Србија, Албанија, Косово и Украина:** Учесниците мора:

   a) да купат лименка Pringles;

   b) користејќи паметен телефон или таблет, да ја посетат страницата Pringles.com и да се најават на или да регистрираат сметка на Kellogg's и да ги исполнат барањата за повеќефакторска автентикација;

   c) да ја скенираат лименката за да започне играта со проширена реалност (AR);

   d) да го завршат предизвикот во играта со проширена реалност („предизвикот“) во најбрзо време.

7. **Како да учествуваат во промоцијата жителите на Македонија и Црна Гора:** Учесниците мора:

   a) да одат на Pringles.com и да регистрираат сметка на Kellogg’s, ако не го сториле тоа досега, и да ги исполнат барањата за повеќефакторска автентикација доколку е потребно;

   b) да ги следат упатствата за да го стартуваат предизвикот во играта со проширена реалност („предизвикот“);

   c) да го завршат предизвикот во играта со проширена реалност („предизвикот“) во најбрзо време.

8. **Дополнителни услови за учество:**

   a) Паметните телефони што користат оперативни системи постари од iOS 14 или Android 9 и моделите на iPhone постари од iPhone 8 може да работат побавно што може да влијае врз времето на завршување на учесникот.

   b) Играта со проширена реалност (AR) може да се стартува само со помош на мобилна верзија на Safari или Google Chrome.

9. **Само за Босна и Херцеговина, Србија, Албанија, Косово и Украина:** За секое учество мора да имате нов сериски код и потврда за купување направено во текот на промотивниот период со датум и време пред времето и датумот на учеството. Победниците мора да ја зачуваат деталната сметка во која се наведени времето и датумот на купувањето направено во рамките на промотивниот период што датира пред времето и датумот на учеството, затоа што може да биде побарана во секое време заради потврдување и за победникот да ја добие наградата.

10. Дозволено е максимум едно учество по лице дневно за време на промотивниот период и максимум една награда по лице во текот на сите периоди на промоцијата.

11. Откако учесникот ќе учествува во промоцијата вкупно 50 пати во текот на целиот промотивен период, веднаш ќе добие известување на екранот дека треба да приложи потврда за купување до Одделот за грижа за корисници на Pringles (со исклучок на жителите на Македонија и Црна Гора) за сите поднесени учества или доказ за завршување на бесплатната рута за сите поднесени учества (само за жителите на Македонија или Црна Гора). Ако не може да се поднесе потврда за купување за сите поднесени учества или доказ за сите бесплатни учества, повеќе нема да може да се учествува во промоцијата и сите следни учества ќе се сметаат за неважечки.

12. **Награди во главниот промотивен период:** За време на главниот промотивен период, има вкупно 204 награди за освојување, по 12 награди по потпериод.  Секоја награда се состои од еден (1) код за Rakuten TV („Код на наградата“) со еквивалентна вредност во локална валута од 120 евра (приближно 12819 ALL / 14166 RSD / 4748 UAH) во времето на изготвување на овие Правила и услови).

13. **Награди во продолжениот промотивен период:** Во секој продолжен промотивен период може да се освои една (1) награда. Секоја награда се состои од еден (1) код за Rakuten TV („Код на наградата“) со еквивалентна вредност во локална валута од 120 евра (приближно 12819 ALL / 14166 RSD / 4748 UAH) во времето на изготвување на овие Правила и услови).

14. **Останати услови за наградите:**

a) Кодовите за Rakuten TV може да се искористат за изнајмување филмови што се дел од понудата. Листата на филмови што може да се изнајмуваат се наоѓа тука:

i. Босна и Херцеговина: https://rakuten.tv/ba/campaigns/pringles

ii. Македонија: https://rakuten.tv/mk/campaigns/pringles

iii. Србија: https://rakuten.tv/rs/campaigns/pringles

iv. Албанија: https://rakuten.tv/al/campaigns/pringles

v. Косово: https://rakuten.tv/rs/campaigns/pringles

vi. Украина: https://rakuten.tv/ua/campaigns/pringles

vii. Црна Гора: https://rakuten.tv/me/campaigns/pringles

b) Дозволени се максимум 24 изнајмувања на филмови во рамките на 12-месечниот период, користејќи го кодот за Rakuten TV.

c) Потребно е да имате регистрирана сметка на Rakuten TV, којашто е бесплатна. Ако немате постоечка сметка на Rakuten.tv, ќе треба да се регистрирате на Rakuten TV и да ги прифатите Условите за користење на услугата, договорните услови, Политиката за приватност и колачињата.

d) Кодовите за Rakuten TV не се пренословливи, не може да се заменат за готовина и не може повторно да се издадат доколку се изгубат.

e) Секоја награда ќе биде издадена со период на важност од најмалку 12 месеци и сите изнајмувања мора да се направат пред истекот на датумот на важност.

f) Ваучерите и кодовите за ваучери не може да се продолжат или рефундираат доколку не се искористат до истекот на датумот на важност.

За создавањето сметка на Rakuten TV и за користењето на наградата ќе важат важечките правила и услови на Rakuten TV. За повеќе детали, како и за сите услови во врска со користењето на наградата, одете на:

i. Босна и Херцеговина: https://rakuten.tv/ba/pages/terms_and_conditions_of_use

ii. Македонија: https://rakuten.tv/ba/pages/terms_and_conditions_of_use

iii. Србија: https://rakuten.tv/rs/pages/terms_and_conditions_of_use

iv. Албанија: https://rakuten.tv/al/pages/terms_and_conditions_of_use

v. Косово: https://rakuten.tv/rs/pages/terms_and_conditions_of_use

vi. Украина: https://rakuten.tv/ua/pages/terms_and_conditions_of_use

vii. Црна Гора: https://rakuten.tv/me/pages/terms_and_conditions_of_use

15. **Избор на победникот во главниот промотивен период:** 12-те учесници кои успешно ќе го завршат предизвикот најбрзо во секој промотивен потпериод ќе се сметаат за победници („Победници во промотивните потпериоди“). Недоделените награди од секоја недела ќе се префрлат во наградниот фонд за следниот потпериод.

16. **Избор на победникот во продолжените промотивни периоди:** Учесникот кој успешно и најбрзо ќе го заврши предизвикот во текот на секој продолжен промотивен период ќе се смета за конечен победник на продолжениот промотивен период („конечен победник“).

17. Доколку има два или повеќе учесници со исто време на завршување, тие учесници ќе добијат порака и ќе треба да одговорат на следново прашање: како изгледа вашата совршена ноќ помината дома?

18. Учествата примени врз основа на клаузулата 17 наведена погоре ќе ги оценува независна трета страна според:

a) оригиналноста;

b) креативноста; и

c) смислата за хумор.

19. **Известување на победниците:**

a) **Главна промоција:** Победникот во секој потпериод (врз основа на најбрзо завршување на предизвикот или на одговарање на прашањето од клаузула 17) ќе биде известен по е-пошта во рок од 28 дена од завршувањето на предизвикот на веб-страницата на Pringles или со одговарање на прашањето од клаузула 17 и од него ќе се побара да обезбеди докази за идентитетот и подобноста. Доколку победникот во секој потпериод не одговори на првичниот контакт во рок од 14 дена или е дисквалификуван поради некакво прекршување на овие Правила и услови, промоторот го задржува правото да ја додели наградата на следниот најбрз учесник од соодветниот потпериод.

b) **Продолжена промоција:** Конечниот победник (врз основа на најбрзо завршување на предизвикот во текот на продолжениот промотивен период или на одговарање на прашањето од клаузула 17) ќе добие известување по е-пошта во рок од 28 дена од соодветниот продолжен промотивен период и од него може да се побара да даде доказ за идентитетот или подобноста. Доколку конечниот победник не одговори на првичниот контакт во рок од 14 дена или е дисквалификуван поради некакво прекршување на овие Правила и услови, промоторот го задржува правото да ја додели наградата на следниот најбрз учесник од продолжениот промотивен период.

20. По завршувањето на продолжениот промотивен период 2, ако некои награди се одбиени, неиспорачани, непобарани или му се вратени на испраќачот во текот на промотивниот период или ако победникот или конечниот победник е дисквалификуван поради повреда на овие Правила и услови, промоторот го задржува правото да ги додели на следниот најбрз учесник што успешно го завршил предизвикот во текот на соодветниот потпериод или продолжен промотивен период во кој била доделена наградата. Бидејќи ова целосно зависи од тоа што е освоено во текот на промоцијата, не е познат бројот на награди што може да бидат доделени на овој начин. Секое лице кое ќе освои награда на овој начин ќе биде известено по е-пошта во рок од 28 работни дена од крајот на продолжениот промотивен период 2.

21. **Прифаќање на наградата и испорака:** Победниците во потпериодот или конечните победници („Победник“ или „Победници“) од кои не е побарано да обезбедат докази за идентитетот или подобноста, треба да очекуваат е-пошта со која се потврдува дека се победници. Откако победникот од кој е побарано да обезбеди докази за својот идентитет и подобност ќе го стори тоа онаму каде што е потребно, треба да очекува е-пошта со која ќе се потврди дека е победник. Дозволете до 90 дена за испорака на наградите на дадената адреса при регистрирање на сметката на Kellogg’s, иако промоторот ќе се потруди да ги достави во рок од 28 дена од освојувањето на наградата.

22. Иако не се очекува, доколку наградата не пристигне во рок од 90 дена од известувањето на победникот, победниците ќе имаат 28 дена за да го информираат промоторот посетувајќи на страницата „Contact Us“ (Контактирајте со нас) на Pringles.com. Доколку победникот не го стори тоа, промоторот го задржува правото да не ја доделува повторно наградата или да ја ограничи нејзината вредност по сопствено видување.

23. **Посредување:** Промоторот ќе ги одбие учествата врз основа на клаузула 17 што според разумна процена на промоторот:

    a) содржат навредлива содржина или можат да влијаат негативно врз името, угледот или реномето на промоторот;

    b) клеветат, претставуваат во погрешно светло или навредуваат други лица или компании, вклучувајќи го, но не ограничувајќи се на, промоторот (вклучувајќи ги и неговите партнери); и/или промовираат некаква политичка агенда.

24. Сите соодветни даноци што треба да се платат за да се прифати наградата се одговорност на победникот.

25. Доколку се направат некакви промени на овие правила и услови, промоторот ќе ги информира учесниците преку оваа веб-страница.

26. Одговорност на победниците е да доставaт точни лични податоци на нивната сметка на Kellogg’s за да ја подигнат наградата. Промоторот нема да биде одговорен за неиспорачување на наградата поради давање погрешни информации. Поштенската адреса на победникот не може да се ажурира по пријавувањето.

27. Промоторот може да побара победниците да учествуваат во разумен промотивни активности што произлегуваат од промоцијата, вклучувајќи употреба на името на победникот, гласот, градот/областа на живеење, фотографии, видео или филмски клипови и/или друга визуелни материјали за рекламни и/или трговски цели и/или за некаква друга

цел во кој било медиум или формат сега или понатаму познат без дополнителен надомест (финансиски или поинаков). Учеството е на дискреција на победникот и не е услов за прифаќање на наградата.

28. Промоторот се обидува да спроведе фер и безбедни промоции и да спречи злоупотреба и мамење. Ако учествувате на начин што не е во согласност со овие Правила и услови, вашите учества (и сите ваши поврзани псевдоними) ќе бидат дисквалификувани, секоја доделена награда може да биде неважечка и повлечена, а промоторот го задржува правото да ви забрани учество во идни промоции во времетраење од најмалку шест месеци. Поради оваа причина, промоторот го задржува правото во секој момент:

a) да ја потврди подобноста на учесниците и/или привремените победници со барање на такви информации коишто тој смета дека се разумно неопходни за таа цел. Учеството или наградата може да се повлечат ако и сè додека потврдувањето не се заврши успешно.

b) Да дисквалификува учества што не се направени директно од лицето што учествува во промоцијата.

c) Да дисквалификува учества направени со користење на анонимни услуги за е-пошта, како што се, но не ограничувајќи се на, GuerillaMail, Dispostable или Mailinator.

d) Да дисквалификува масовни учества од лица, трговци, групи потрошувачи или трети страни, нецелосни учества и учества поднесени со макроа или други автоматизирани средства.

e) Да дисквалификува учества над максимално дозволеното, или оние коишто користат техники како што се „скрипта“, „брутална сила“, повеќе SIM-картички за учество преку пораки, маскирање на идентитетот со манипулирање со IP-адреси, користење псевдоними или идентитети различни од сопствениот или какви било други средства.

f) Да дисквалификува учества коишто, на некој друг начин, не ги исполнуваат целосно барањата од овие Правила и услови.

29. Учесниците мора да ги пополнат своите податоци користејќи го своето законско име. Промоторот го задржува правото да го дисквалификува секој учесник којшто користи повеќе имиња или адреси на е-пошта и да бара од него да ја врати секоја награда што можеби ја добил.

30. Наградите не се преносливи или заменливи и не можат да се откупат за парична вредност или за која било друга форма на компензација. Доколку од која било причина некој елемент од наградата не е достапен, промоторот го задржува правото, по свое видување да ја замени со друга награда, со еднаква или поголема вредност.

31. Ако промоцијата не е возможно да продолжи како што е планирано од причини вклучително и, но не ограничувајќи се на, манипулации, неовластени интервенции, измама, нечесност, технички дефекти или какви било други причини коишто се надвор од контрола на промоторот, коишто ја отежнуваат или влијаат врз администрацијата, безбедноста, правичноста, интегритетот или правилното спроведување на оваа промоција, промоторот го задржува правото да го дисквалификува секое лице кое го попречува процесот на учествување или не ги почитува овие Правила и услови, или да ги поништи сите засегнати учества и/или да ја откаже, измени или прекине промоцијата.

32. Нема да се преземе никаква одговорност за учества што се изгубени, задоцнети, оштетени, погрешно насочени или нецелосни или што не можат да бидат испорачани поради некаков технички проблем, проблем со испораката или друга причина. Доказ за испраќање нема да биде прифатен како доказ за прием. Промоторот не гарантира постојан или безбеден пристап до промотивната веб-локација.

33. Промоторот заедно со сите поврзани агенции и компании нема да биде одговорен за никаква загуба (вклучувајќи и, без ограничување, индиректна, посебна или последователна загуба или загуба на добивка), трошок или штета што е претрпена или нанесена (без разлика дали произлегува или не од небрежност на некое лице) во врска со оваа промоција или со прифаќањето или користењето некаква награда, освен за одговорност што не може да се исклучи со закон.  Промоторот не се ослободува од одговорност во никој случај за смрт или лична повреда настанати поради негова небрежност.

34. Промоторот нема да биде одговорен за никакво доцнење или неисполнување на обврските поради причини надвор од негова разумна контрола коишто произлегуваат, но не се ограничени на, природни катастрофи без учество на човечки фактор, глобална или регионална епидемија или пандемија, неповолни временски услови, пожар, индустриски спор, војна, терористичка активност, судири, политички немири, немири, граѓански протести, чума или други природни несреќи, или какви било други околности на промоторот.

35. Се обврзуваме да ја заштитиме вашата приватност. Kellogg Europe Trading Limited (Kelogg) ќе ги обработува вашите информации само за следните цели: (1) Да ја спроведе ова промоција во согласност со правилата и условите, и (2) да стапи во контакт со вас во врска со идни промоции и заради маркетинг цели. Никогаш нема да ги продадеме вашите

податоци на трети лица, но може да ги комбинираме со податоци од други извори со цел да изградиме анонимизирани/псевдонимизирани профили за насочено рекламирање. Вашите податоци ќе бидат обработени и чувани на сервери што се наоѓаат во Соединетите Американски Држави. Kellogg се погрижи сите обработувачи на информации што ги користиме да бидат обврзани според стандардните договорни клаузули на ЕУ за да осигуриме почитување на заштитата на податоците. Ќе ги чуваме вашите податоци сè додека важи вашата согласност и сè додека сакате да добивате информации за маркетинг. Имате право да пристапите до вашите податоци, да ја повлечете согласноста или да ги избришете. Исто така, имате право да стапите во контакт со надзорен орган. За дополнителни прашања за тоа како ги користиме вашите податоци, погледнете ја нашата Политика за приватност. Можете да ни се обратите и на DataPrivacyOfficer@kellogg.com. Со сите информации собрани во врска со учесниците во оваа промоција ќе се постапува доверливо во согласност со Политиката за приватност на промоторот, достапна на https://www.pringles.com/centraleurope/en/privacy-policy.html.

36. Доколку се бара со закон или кодекси за саморегулација што го уредуваат функционирањето на промоцијата, од промоторот може да се побара да сподели некои лични податоци на победниците со властите, само до оној степен до којшто тоа се бара со закон. Овие информации може да вклучуваат име, презиме, земја на живеење на победниците или кои било други лични податоци што промоторот треба да ги сподели.

37. Ако некој дел од овие Правила и услови правно се прогласи за неважечки, незаконски или неспроведливи, останатиот дел нема да биде засегнат и ќе продолжи полноправно да важи.

38. Ако учествувате, ќе се смета дека сте се согласиле да бидете обврзани со овие Правила и услови.

39. Ако има несовпаѓање помеѓу овие Правила и услови и оние во кој било промотивен материјал, ќе преовладуваат овие Правила и услови.

40. Овие Правила и услови се уредени со законите во соодветната земја за секој учесник, а учесниците се под ексклузивна надлежност на судовите во земјата каде што живеат.

**Промотор:** Kellogg Europe Trading Limited, 3 Dublin Airport Central (DAC), Dublin Airport, Dublin (company registration number 0387390).
ВЕ МОЛИМЕ, НЕ ПРАЌАЈТЕ ПРИЈАВИ НА ОВАА АДРЕСА.